Точка на дневен ред: **8**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Информација за поднесена оставка од г-ѓа Хедвика Усеник, Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Во прилог:
– Информација за поднесена оставка од г-ѓа Хедвика Усеник, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Скопје, ноември 2020 година

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Информација за поднесена оставка од г-ѓа Хедвика Усеник, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Членот на Надзорниот одбор г-ѓа Хедвика Усеник до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје поднесе оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на Банката на 23.10.2020 година.

Согласно член 364 од Законот за трговските друштва, по поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Се смета дека на членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум. Во поднесената оставка г-ѓа Хедвика Усеник има наведено дека ќе продолжи да ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор до добивање согласност од гувернерот на НБРСМ, за членот на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена на Собранието на акционери.

За дополнување на составот на членови на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, од акционерот НЛБ д.д. Љубљана даден е предлог за именување на г. Борут Вујчич за нов член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за период за остатокот од мандатот на г-ѓа Хедвика Усеник, односно до 11.09.2021 година.

Согласно член 58 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје , во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот на мандатот.

Скопје, 30.11. 2020 година.